Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

04 - 3086/2 23 -02- 2026

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), државниот секретар во Министерството за образование и наука, донесе

## ОДЛУКА
## за невршење на избор на кандидат за вработување на администратвен службеник по јавен оглас

1. **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат по Јавниот оглас број 1221/2025 за вработување на административен службеник во Министерство за образование и наука, Државен просветен инспекторат - орган во состав, објавен во дневните весници „Слободен печат“, „Вечер“ и „Коха“, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација и тоа за работното место:
   - Советник за собирање на податоци во вардарски плански регион, Кавадарци во Одделение за инспекциски надзор и оценување на квалитетот во предучилишно, основно, средно, пост-средно образование, ученички домови, образование во специјализирани воспитно образовни установи и друго образование во вардарски плански регион во Сектор за инспекциски надзор и оценување на квалитетот во предучилишно, основно, средно, високо и друго образование - 1 извршител

2. Одлуката за невршење на избор ќе се достави и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

На ден 31.12.2025 година во дневните весници „Слободен печат“, „Вечер“ и „Коха“, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас за вработување на административен службеник во Министерството за образование и наука, Државен просветен инспекторат - орган во состав, во кој беше објавено работното место Советник за собирање на податоци во вардарски плански регион, Кавадарци во Одделение за инспекциски надзор и оценување на квалитетот во предучилишно, основно, средно, пост-средно образование, ученички домови, образование во специјализирани воспитно образовни установи и друго образование во вардарски плански регион во Сектор за инспекциски надзор и оценување на квалитетот во предучилишно, основно, средно, високо и друго образование - 1 извршител.

Република Северна Македонија

Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, со Решение бр.10-444/1 од 21.01.2026 година, донесено од страна на директорот на Агенцијата за администрација.

Комисијата на ден 21.01.2026 година спроведе административна селекција и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник, заведен под бр.10-444/2 од 22.01.2026 година.

Комисијата на ден 16.02.2026 година спроведе испит за административен службеник и состави Записник од спроведениот испит за административен службеник, заведен под бр.10-444/4 од 16.02.2026 година.

Комисијата на ден 18.02.2026 година спроведе проверка на верододстојност на докази и интервју и состави Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник заведен под бр.10-444/5 од 18.02.2026 година.

По спроведување на сите фази од постапка за вработување по објавениот јавен оглас од страна на Комисијата, на ден 19.02.2026 година до Министерството за образование и наука доставена е Конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати по јавниот оглас бр.1221/2025 година, заведен под бр.10-444/6 од 18.02.2026 година, видно од кои за работно место Советник за собирање на податоци во вардарски плански регион, Кавадарци во Одделение за инспекциски надзор и оценување на квалитетот во предучилишно, основно, средно, пост-средно образование, ученички домови, образование во специјализирани воспитно образовни установи и друго образование во вардарски плански регион во Сектор за инспекциски надзор и оценување на квалитетот во предучилишно, основно, средно, високо и друго образование, Државен просветен инспекторат, **нема кандидат кој се квалификува за вработување**.

Имајќи го предвид горенаведеното, државниот секретар одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР

Елена Ивановска

Изготвил: Билјана Узунов

Одобрил Александра Анчева

Согласен:Славица Мирческа Атовска

Доставено до:

-Агенција за администрација

- Архива